Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по музичко образование за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со **оштетен слух** во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКИ СТИМУЛАЦИИ И РИТМИЧКИ ВЕЖБИ

VII одделение

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2014

## 1. ВОВЕД

Музиката е исклучително важен дел на човековата култура и живот и затоа таа има свое значајно место во воспитанието и образованието. Целта на наставата по музички стимулации и ритмички вежби во третиот период на основното образование (VII – IX одделение) е учениците да ги применуваат знаењата, да ги прошируваат и да стекнуваат нови знаења од областа на музиката, ритмиката и музичкото изразување. Музичкото образование и развивањето на чувството за ритам, пред сѐ, помага во развојот на говорот, атрикулацијата кај учениците со оштетен слух. Од друга страна, ги оспособува учениците да станат активни корисници и чинители на музичката култура како во училиштето, така и во секојдневниот живот. Заедно со ликовното образование и со другите содржини присутни во одредени предмети (на пример, во мајчиниот и странскиот јазик), музичкото образование влијае врз облагородување на учениците, развојот на нивните естетски чувства, способноста за разбирање и доживување на музичката уметност и им се овозможува постепено да се вклучуваат и да учествуваат во музичкиот живот во својата околина.

Изучувањето на музиката влијае врз поттикнувањето позитивни емоции, креативноста, самостојноста, тимската работа и одговорноста. Музичкото образование дава значаен придонес во развојот на учениците, во стекнувањето на култура на однесувањето, како и во поттикнувањето на музичкото изразување.

Наставниот предмет е задолжителен и се изучува со фонд од 1 час неделно, односно 36 часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД VII ДО IХ ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги проширува своите знаења од областа на музиката и музичкото изразување (пеење, свирење на детски музички инструменти, музичко-ритмички активности), како и за одделни музички дела и автори;
- да го развива опсегот на гласот (како во функција на артикулацијата и корекција на говорот, така и во музичкото изразување);
- да се поттикнува на сопствено музичко изразување;
- да ужива во убавината на музиката (во зависност од остатоците на слухот);
- да се ослободи од стрес и емоционална напнатост преку слушање музика;
- да се запознае со посложени музички дела од различни стилови и жанрови, како и со примери од народното музичко творештво;
- да го усвојува нотното писмо;
- да се поттикнува на примена на читањето на нотниот текст во музичко-изведувачките активности (пеење, свирење на ДМИ, музичко изразување и творење);
- да ги усвојува музичко-теориските поими;
- да се оспсобува за тимско работење;
- да ја користи информативната компјутерска технологија во музичкото изразување.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да применува правилна вокална интерпретација (наглуви ученици);
- да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина (наглуви ученици);
- да развива чувство за ритам;
- да идентификува определен ритам;
- да се поттикнува за слушање на музичко дело;
- да стекне сознанија за животот и творештвото на одредени композитори;
- да ги продлабочува знаењата на стручните поими за темпото и динамиката;
- да ја усовршува техниката на свирење на ДМИ (мелодиски и ритмички кај наглуви ученици);
- да се оспособува за групно музицирање;
- да ги проширува знаењата на музичката терминологија и музичката писменост;
- да ги продлабочи знаењата на елементите и карактеристиките на народното музичко творештво.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ПЕЕЊЕ И АРТИКУЛАЦИЈА (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| **Ученикот/ученичката:**<br>-да знае да применува правилна артикулација на гласовите;<br><br>-да знае што е пеење, а што говор;<br><br>- да пее песни различни по содржина и карактер и мелодиски и ритмички во соодветно темпо;<br><br>- да пее песни различни по содржина и карактер и мелодиски и ритмички соодветна динамика. | - Правилна артикулација (дишење и фонација на говорните органи)<br><br>- Пеење и говор | | - Вежби за правилна артикулација, држење на телото, вежби за дишење (да изведува движења на говорните органи без напрегање, умерено, без гримаси, дигање на рамената, без викање и др.).<br>- Изведба на куси реченици, бројалки и брзозборки со точен ритам и јасна дикција (пр., бројалки и брзозборки познати на учениците).<br>- Тактирање елементарни вежби и песни.<br>- Обиди за пеење/тактирање песни различни по содржина и карактер (до две строфи)<br>- Обиди за пеење/тактирање на мелодиски и ритмички вежби со примена на различити темпа<br>- Обиди за пеење/тактирање на мелодиски и ритмички вежби со примена на динамичко нијансирање<br><br>Напомена: Наставникот треба да внимава опсегот на песните да одговара на можностите на учениците. Доколку оштетувањето на слухот не овозможува совладување на вежбите за пеење, тогаш се зголемува бројот на часовите со вежбите на артикулација и тактирање. Песните треба да се реализираат само до две строфи. |

| **2. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ (8 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>**-**да воочи каде се пишуваат тоновите до1- ла1 во петолинието;<br><br>-да ги именува тоновите со абецедно именување;<br><br>- да ги воочува видовите темпа;<br><br>-да ги воочува ознаките за динамичко нијансирање (тивко силно);<br><br>- да ги воочува сите траења на нотниоте вредности (цела, половина и четвртина нота). | -Местоположба на тоновите од до1 – ла1 во петолинието<br><br>-Абецедно именување на тоновите<br><br>-Темпо<br><br>-Динамика<br><br>-Нотни вредности | -До, ре, ми, фа, сол, ла<br><br>-Ц, Д, Е, Ф, Г, А,<br><br>-Бавно<br>-Брзо<br><br>-Тивко (p)<br>-Силно (f)<br><br>-Цела<br>-Половина<br>-Четвртина нота | - Вежби за пишување на елементите на нотното писмо.<br>- Вежби за пишување на тоновите на петолинието.<br>-Вежби за именување на тоновите на петолинието.<br><br>Вежби за запишување и визуелно препознавање на нотите од до1-ла1 на петолинието и нивно именување.<br><br>- Вежби за именување на тоновите од до1- ла1 со абецедни имиња.<br><br>- Препознавање и именување на видовите темпа.<br><br>-Препознавање и именување на ознаките.<br><br>Вежби за пишување и визуелно препознавање на нотните вредности (цела, половина и четвртина нота). |

| 3. СЛУШАЊЕ МУЗИКА (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| **Ученикот/ученичката:**<br>**-** да разликува видови изведба; | - Вокални, инструментални, вокално-инструментални музички дела од различни стилови и жанрови, различни по карактер и содржина | -Вокална музика<br>-Инструментална музика<br>-Вокално - инструментална музика | -Демонстарција на видеоснимки со различни видови изведба.<br><br>-Запознавање со делото „Дојрана"од балетот „Лабин и Дојрана" од Трајко Прокопиев.<br><br>- Претставување на животот и творештвото на композиторот со примена на ИКТ.<br><br>- Ликовна илустрација на содржината на концертот<br><br>-Изработка мини проект за композиторот. |
| - да научи за животот и творештвото на одредени композитори; | | | |
| - да научи општи податоци за жанрот концерт. | - Инструментално дело во жанрот концерт | - Концерт<br><br>- Солист | -Запознавање на делото ,,Влтава" на Б. Сметана.<br><br>- Претставување на животот и творештвото на композиторот со примена на ИКТ.<br><br>- Претставување на делото.<br><br>-Ликовна илустрација на содржината на концертот.<br><br>-Изработка мини проект за композиторот. |

| **4. СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (4 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да научи да свири на ДМИ (ритмички);<br>- да го научи прсторедот на тоновите до1-ла1 на блок флејта;<br><br>- да се оспособи за групно музицирање. | - Ритмички вежби со примена на елементите од музичката писменост<br><br>- Песни и мелодиски вежби | -Сите претходно усвоени | Свирење на ритмички вежби индивидуално, во групи.<br><br>- Свирење едноставни партитури со употреба на мелодиските и ритмичките инструменти.<br><br>**Напомена:** Наставникот треба да го има предвид степенот на оштетувњето на слухот. Доколку учениците се со поголеми оштетувања или практично глуви со што оштетувањето на слухот не овозможува совладување на мелодиските вежби, тогаш се реализираат ритмички вежби и свирење само на удирачки инструменти. |

| 5. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО (12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>**-** да ја разбере поделбата на народните ора;<br><br>- да дискутира за основните карактеристики на народните ора. | - Народни ора<br><br>- Поделба на ората | - Народни ора | - Запознавање на орската традиција преку фотографии, видео и аудиоматеријали и примена на ИКТ.<br><br>- Проектна акивност „Народни ора“.<br><br>- Креативно изразување преку создавање елементи од обичаи (според локалната традиција).<br><br>- Организирана посета/средба со лица со оштетен слух кои се членови на културно-уметнички друштва.<br><br>-Изработка на мини албуми. |

- **Годишен фонд на часови**

| | **ТЕМИ** | **Број на часови** |
|---|---|---|
| 1. | Пеење | 4 часа |
| 2. | Музичка писменост | 8 часа |
| 3. | Слушање музика | 4 часа |
| 4. | Свирење на детски музички инструменти | 8 часа |
| 6. | Народно музичко творештво | 12 часа |
| **Вкупно:** | | **36 часа** |

НАПОМЕНА ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Во наставната програма е дадено ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини. Сепак, наставниот кадар треба самостојно да го планира часовниот фонд за целосно и успешно реализирање на поставените цели од програмата.

Составот на учениците во паралелките во посебните училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта е изразито хетероген заради што наставникот треба да практикува строго диференциран и индивидуализира пристап во рамките на реализацијата на наставата. Ваквиот приод е во функција на индивидуалните специфични потреби што, секако, ќе резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и максимални академски постигања на учениците со оштетен слух.

Во контекст на ова наставниците кои ја реализираат наставата треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка (доколку индивидуалните карактеристики, можности и способности на учениците во паралелката го дозволуваат тоа).
- За учениците чиј степен и попреченост не дозволува следење на планираните цели, содржини и активности, наставникот треба да планира парцијална партиципација во рамките на целите, содржините и активностите кои се реализираат во паралелката.

- Доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен, наставникот пристапува кон изготвување на интерен индивидуален образовен план во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуален образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуален образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Програмата по музички стимулации и ритмички вежби треба да е во тесна корелација со предметот комуникација. Истата дава можност за интегрирање и со други наставни предмети (македонски јазик и странски јазик, физичко и здравствено обраование). Пред изведувањето на наставните содржини треба да се утврди слушниот статус на учениците со цел правилна процена на можностите и способностите на учениците за усвојување на содржините по овој предмет.
При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува и пофалува секој ученик при музичкото изразување и не смее да дозволи да се создаде атмосфера на компетитивност меѓу учениците.

Со оглед на специфичната природа на слушните оштетувања и корелацијата со предметот музички стимулации и ритмички вежби се препорачува изведување вежби за правилна артикулација и правилно дишење пред започнување на изведувањето на планираните содржини. Ритмичките стимулации (движењето и играта) влијаат врз развојот на говорот кај глувите ученици. Говорниот апарат треба да е подготвен ритмики да функционира, а слушниот да ги користи остатоците од слухот стимулиран со ритмичките вежби.

Одредени цели и активности (пеење, слушање музика) се однесуваат на учениците со оштетен слух кои имаат одредени слушни остатоци. Кај учениците со практичен губиток на слухот очекувањата се поинакви. Тие треба да бидат насочени кон правилна артикулација, односно правилен изговор на гласовите, совладување на вежбите за ритам и темпо, запознавање со основите на основната музичка писменост, богатење на вокабуларот со нови поими, запознавање со живото и делото на познати композитори итн. Потребна е индивидуална и индивидуализирана настава по овој предмет.

Во однос на употребата на музички инструменти најсоодветно е да се употребуваат инструменти кои даваат силни вибрации (ударни инструменти) со цел учениците со слушни оштетувања тактилно да го перципираат ритамот и да изведуваат адекватни движења на телото согласно со дадениот ритам.

Реализацијата на наставните содржини се изведува со употреба на методата на тотална комуникација и сите нови усвоени зборови, односно поими треба да се запишуваат. Од учениците треба да се поставуваат барања, секој ново-усвоен збор или поим да се употреби во различни и нови контекстни ситуации.

Наставни средства:

- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- детски музички инструменти;
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
- Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (бројчано оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во VII одделение во деветгодишното основно образование може да ја изведува лице кое завршило:

- факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија;
- факултет за музичка уметност – други оддели со стекната педагошко-методска доквалификација на ФМУ со дополнителна дефектолошка дообразба;
- филизофски факултет – Институт за дефектологија, диполмиран дефектолог;
- дефектолошки факултет, дипломиран дефектолог.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставната програма по музичко образование за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со **оштетен слух** во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-14648/1 од 15.09.2014 година
Скопје

Министер

________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Анкица Витанова
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделние
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор